Зад секоја успешна компанија стои силен тим. ФМС ДООЕЛ претставува професионална компанија со просперитетен тим кој одговорно пристапува и одговара на сите предизвици.
Секој од нас е специјалист во своето поле на работа и е посветен на потребите и барањата на клиентите. Компанија ориентирана кон изнаоѓање решенија, со единствена цел – да обезбеди квалитет со висок степен на економска оправданост.
Имајќи го предвид нашето разбирање за моќта на тимот, работиме заедно кон постигнување на нашите цели и заеднички ги прославуваме нашите успеси.

Ако барате стабилност, професионален раст, долгорочна кариера и технолошки предизвици во успешни компании дојдете и придружете ни се уште денес!

ФМС ДООЕЛ објавува оглас за вработување на професионални кадри од областа:

## СПЕЦИЈАЛИСТ ЗА ПРОДАЖБА (ТЕРМОТЕХНИКА)

**Опис на работата:**

- Активна продажба на производи и решенија од областа на термотехниката (системи за греење, ладење и вентилација)
- Обезбедување техничко-комерцијална поддршка при избор и продажба на соодветни решенија согласно потребите на клиентите;
- Подготовка и изработка на понуди согласно барањата на клиентите;
- Комуникација со постоечки и потенцијални клиенти;
- Идентификување на нови продажни можности и развој на деловната соработка;
- Презентација и промоција на производите и услугите на компанијата;
- Следење на тековни проекти и координација со останатите оддели во компанијата;

**Потребни Квалификации:**

- Високо образование; Завршен машински факултет ќе се смета за предност;
- Претходно искуство во продажба;
- Познавање на MS Office пакет;
- Познавање на англиски јазик;
- Возачка дозвола Б категорија.

**Што нудиме:**

- мотивирачка атмосфера и плата по договор;
- колективно осигурување од несреќа;
- можност за напредување во кариера;

Доколку сметате дека ги исполнувате наведените услови и сте заинтересирани за нови предизвици и постојан развој на Вашата кариера, испратете Ваша кратка биографија (CV) на следната e-mail адреса:**jobs@fms.com.mk**, со задолжителна назнака на апликацијата **Специјалист за продажба (термотехника)**
Само апликациите кои ќе влезат во потесен круг, ќе бидат контактирани.